# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

19 февруари 2025 | Излегува по потреба | Година XX | број 3



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА<br>ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ<br>НА ДОГОВОР ЗА ОТВОРАЊЕ И ВОДЕЊЕ<br>НА ДЕПОЗИТНА (ESCROW) СМЕТКА**

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност за склучување на Договор за отворање и водење на депозитна (escrow) сметка, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 19 февруари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1194/1**<br>**од 19 февруари 2025 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по барањето за склучување на договор за отворање и водење на депозитна (escrow) сметка бр.28-3/713 од 6.2.2025 година, поднесено од "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје, Советот на Општина Гази Баба на педесет и четврттата седница одржана на 19 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ**
**ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ОТВОРАЊЕ**
**И ВОДЕЊЕ НА ДЕПОЗИТНА (ESCROW) СМЕТКА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за пристапување на Општина Гази Баба како договорна страна во својство на корисник - продавач кон склучување на договор за отворање и водење на депозитна (escrow) сметка, врз основа на барање за склучување на договор за отворање и водење на депозитна (escrow) сметка бр.28-3/713 од 6.2.2025 година, поднесено од "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба во име на Општина Гази Баба да го склучи договорот за отворање и водење на депозитна (escrow) сметка.

**Член 3**

Одлуката да се достави до барателот и надлежните сектори во општинската администрација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-849/3**
**од 19 февруари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ НА АД ''ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА'' - ПОДРУЖНИЦА ''СКОПСКО ПОЛЕ'' - СКОПЈЕ, ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОКОЛУ ЧИСТЕЊЕТО НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА ЗА ОДВОДНУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештај на АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2024 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 19 февруари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1194/2**<br>**од 19 февруари 2025 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (4), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со член 3 став (2) од Одлуката за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2024 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.5/24), расправајќи по извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2024 година, бр.08-377/1 од 22.1.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на педесет и четврттата седница одржана на 19 февруари 2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ НА АД "ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" - ПОДРУЖНИЦА "СКОПСКО ПОЛЕ" - СКОПЈЕ, ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОКОЛУ ЧИСТЕЊЕТО НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА ЗА ОДВОДНУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2024 година, бр.08-377/1 од 22.1.2025 година.

2. Заклучокот да се достави до АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-849/4**
**од 19 февруари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОДНУВАЊЕ, НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ФИЗИЧКИ ЛИЦА - КОРИСНИЦИ ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 19 февруари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1194/3**
**од 19 февруари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (4), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 19 став (1) од Законот за водостопанство ("Службен весник на РМ" бр.51/15, 193/15 и 189/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по предлогот за преземање на обврската за плаќање надоместок за одводнување за 2025 година, бр.08-377/1 од 22.1.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на педесет и четврттата седница одржана на 19 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОДНУВАЊЕ, НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ФИЗИЧКИ ЛИЦА - КОРИСНИЦИ ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука Општина Гази Баба презема обврска за плаќање на надоместок за одводнување на индивидуалните физички лица - корисници (сопственици/корисници на индивидуални станбени објекти и земјоделско земјиште), на подрачјето на општината за 2025 година.

(2) Преземената обврска од став (1) на овој член, општината треба да ја исполни кон АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје и истата се однесува за 2025 година.

**Член 2**

(1) На подрачјето на Општина Гази Баба под системот за одводнување "Скопско Поле" се опфатени вкупно 2175 ха, од кои 1.371 ха поседуваат индивидуалните физички лица - корисници.

(2) Надоместот по хектар (ха) изнесува 2.400,00 денари.

(3) Вкупниот надомест кој општината треба да го исплати на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје за 2025 година изнесува 3.882.672,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

(1) Надоместокот од член 2 став (3) од оваа одлука, ќе биде искористен за редовно и навремено чистење на каналската мрежа на подрачјето на општината од страна на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, се со цел спречување на евентуални поплави на земјоделското земјиште и други површини на подрачјето на општината.

(2) За спроведените активности за редовно и навремено чистење на каналската мрежа на подрачјето на општината, АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје е должно да поднесе извештај на почетокот на наредната година за годината за која се наменети средствата од член 2 став (3) од оваа одлука.

**Член 4**

(1) Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за преземањето на обврската за плаќање на надоместок за одводнување на индивидуалните физички лица - корисници за 2025 година, со АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје.

(2) Договорот од став (1) од овој член задолжително содржи одредба за увид на Општина Гази Баба во текот на активностите од членот 3 од оваа одлука.

(3) Склучениот договор од став 1 на овој член, во целост ја заменува законската обврска и можноста АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, согласно одредбите од Законот за водостопанство да издава решенија за одводнување до физичките лица - корисници кои се опфатени со оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-849/5**
**од 19 февруари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески,с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ДОГРАДБА НА ООУ "КРУМ ТОШЕВ" ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ТРУБАРЕВО, НА КП 170/1 КО ТРУБАРЕВО**

1. Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за доградба на ООУ "Крум Тошев", во населено место Трубарево, на КП 170/1 КО Трубарево, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 19 февруари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1194/4**
**од 19 февруари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 59 став (12) од Законот за градење (''Службен весник на РМ'' бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и ''Службен весник на РСМ'' бр.18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 115/23, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и четврттата седница одржана на 19 февруари 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ДОГРАДБА НА ООУ ''КРУМ ТОШЕВ'' ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ТРУБАРЕВО, НА КП 170/1 КО ТРУБАРЕВО

**Член 1**

Се ослободува инвеститорот Општина Гази Баба - Скопје од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за доградба на ООУ ''Крум Тошев'' во населелно место Трубарево, на КП 170/1 КО Трубарево, согласно Основен проект со Технички број:1111-2024, од јануари 2025 година, од Друштво за производство, градежништво, инженеринг, трговија, консалтинг и други услуги ''БАР Е.Ц.Е'' ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, и тоа во висина од 100% од делот што и припаѓа на Општина Гази Баба по основ на уредување на градежното земјиште.

**Член 2**

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот.

**Член 3**

Одлуката да се достави до сектор за урбанизам и градежно земјиште.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-849/6**
**од 19 февруари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКАТА ЗА ЗАБРАНА НА КОРИСТЕЊЕ НА МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ, ПАМЕТНИ ЧАСОВНИЦИ И ОСТАНАТИ УРЕДИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА И ДОСТАПНОСТ ДО СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ЗА УЧЕНИЦИ, ВО ТЕК НА НАСТАВА ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Препораката за забрана на користење на мобилни телефони, паметни часовници и останати уреди за електронска комуникација и достапност до социјалните мрежи за ученици, во тек на настава во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 19 февруари 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1194/5**
**од 19 февруари 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), член 151 став (2) и член 152 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, бр.08-842/1 од 12.2.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на педесет и четвртата седница одржана на 19 февруари 2025 година, донесе

**П Р Е П О Р А К А**

**ЗА ЗАБРАНА НА КОРИСТЕЊЕ НА МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ, ПАМЕТНИ ЧАСОВНИЦИ И ОСТАНАТИ УРЕДИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА И ДОСТАПНОСТ ДО СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ЗА УЧЕНИЦИ, ВО ТЕК НА НАСТАВА ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се прифаќа иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, бр.08-842/1 од 12.2.2025 година.

2. Се упатува препорака до општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба за забрана на користење на мобилни телефони, паметни часовници и останати уреди за електронска комуникација и достапност до социјалните мрежи за ученици, во текот на наставата.

3. Учениците да ги оставаат своите мобилни телефони, паметни часовници и останати уреди за електронска комуникација и достапност до социјалните мрежи при доаѓање на училиште на соодветно место определено за таа намена и истите ги земаат по завршување на наставата.

4. Се поттикнуваат советите на родители, органите на управување, раководење и стручните органи во општинските основни училишта, со интерен акт / протокол / процедура да ја пропишат постапката од точките 2 и 3 од оваа препорака.

5. Препораката да се достави до општинските основни училишта.

6. Препораката ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-849/7**
**од 19 февруари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за давање на согласност за склучување на Договор за отворање и водење на депозитна (escrow) сметка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .2

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештај на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2024 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . .4

**ОДЛУКА** за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2025 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6

**ОДЛУКА** за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за доградба на ООУ "Крум Тошев", во населено место Трубарево, на КП 170/1 КО Трубарево . . . . . .9

**ПРЕПОРАКА** за забрана на користење на мобилни телефони, паметни часовници и останати уреди за електронска комуникација и достапност до социјалните мрежи за ученици, во тек на настава во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . .11

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 03/25**
**54 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци